Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија“ бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 04.09.2024 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планската документација на Детален урбанистички план за дел од урбана четврт ЦЕ 01.05 од ГУП на град Штип / плански опфат: осовина на Р.Отиња, ул.„Христијан Тодоровски Карпош“, ул.„Славчо Стоименски“, ул. „Иво Рибар Лола“, ул.„Стојан Рибата“ и ул.„Вера Циривири“/ кој се носи согласно Генералниот урбанистички план на Град Штип за 2014-2029 (одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год.), важечки ДУП на населба МЗ.3 Горно Маало, донесен со Одлука бр. бр. 0801-794/1 од 25.03.1985 година не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планската документација на Детален урбанистички план за дел од урбана четврт ЦЕ 01.05 од ГУП на град Штип / плански опфат: осовина на Р.Отиња, ул.„Христијан Тодоровски Карпош“, ул.„Славчо Стоименски“, ул.„Иво Рибар Лола“, ул.„Стојан Рибата“ и ул.„Вера Циривири“/, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Целокупните активности во оваа област ќе се насочуваат кон обезбедување на непречен просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за живот и работа. Во границите на планскиот опфат како подрачје наменето за градење се предвидени градби од класите како и класи кои се компатибилни на основните класи: А-домување и престој на луѓе, Б - комерцијални и деловни намени, В-јавни дејности и институции, Д-зеленило, рекреација и меморијални простори и Е-инфраструктири. Како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој, со создавање услови за планирање на организирани простори, со намени предвидени во ГУП и ДУП, во границите на градежниот опфат, дефинирање на оптимални решенија за организирање на основните функции преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планирање на површини со конкретни просторни сообраќајни и инфраструктурни решенија. Врз основа на детална анализа на постојната состојба и дефинираните цели на развојот, што се детерминирани согласно ГУП за град Штип, во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. УП I 18/24-194
Штип
м-р СТ

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов